РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-279/6
01 03 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 01.03.2019 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна /вонредна/ испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти на втор циклус на студии**

I. По барања на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заведени под бр. 09-9/122 од 07.02.2019 година и бр. 09-9/177 од 20.02.2019 година се одобрува дополнителна /вонредна/ испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти кои студираат на втор циклус на студии, со административен надомест од 1.500,00 денари по испит.

II. На студентите кои се запишани за прв пат на втор циклус на студии во вториот уписен рок во учебната 2018/19 година, им се одобрува испитна сесија без административен надомест од 1.500,00 денари по испит.

III. Студентот кој во три последователни испитни рока (зимски, летен и есенски испитен рок) не го положил испитот, истиот предмет го презапишува.

IV. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 1 до 12 април 2019 година, согласно распоредот за полагање кој ќе биде објавен од страна на секретарите на насоките на мастер студиите.

V. Студентот кој ќе полага испит/и во дополнителната /вонредна/ испитна сесија е должен да достави пријава/и за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот во период од 11 до 15 март 2019 година, согласно распоред за пријавување објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

VI. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VII. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан,
Проф.д-р Горан Коевски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет "Јустинијан Први" * СКОПЈЕ * Република Македонија